КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-24/1
27.02.2020 год.
СКОПЈЕ

# МИСЛЕЊЕ

## за Посебните извештаи на Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје

Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје во текот на месец јануари 2020 година изврши ревизија на посебните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2019 година, коишто вклучуваат посебен биланс на состојба, посебен извештај за сеопфатна добивка, посебен биланс на успех, посебен извештај за промените во капиталот и резервите и посебен извештај за паричниот тек и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија.

Ревизијата на посебните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (прифатени и објавени во Службен весник на Република Македонија, бр. 79 од 11 јуни 2010 година) и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење на ревизијата ревизорите, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на посебните финансиски извештаи, вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во посебните финансиски извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел успешно и ефикасно извршување на ревизијата на посебните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019 година, Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на месец септември 2019 година, со состојба 31.08.2019 година.

Раководството на Комерцијална банка АД Скопје е одговорно за подготвување и објективно презентирање на посебните финансиски извештаи подготвени во согласност со регулативата на Народнатата банка на Република Северна Македонија. Со задоволство ги прифаќаме Извештаите на КПМГ Македонија ДОО Скопје, според кое посебните финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2019 година се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Сава Димитрова

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ